**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДЕКАНОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

**ЗА ПЕРИОД 01.10.2024 -30.09.2025 ГОДИНА**

**Подготвил**

**Проф. д-р Владимир Атанасовски**

**Декан на ФЕИТ**

Скопје, 10 октомври 2025 год.

# СОДРЖИНА


СОДРЖИНА 2

1. ВОВЕД 4

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ 5

2.1 Студии на прв циклус 5
2.2 Студии на втор циклус 6
2.3 Докторски студии 7
2.4 Промоција на дипломирани и наградени студенти и магистри 7
2.5 Издавачка дејност 8

3. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ 8

3.1 Лабораторија за производство ФЕИТ ФабЛаб 8
3.2 Студентски работилници и конференции 12
3.3 Студентски проект „Што дишеме?“ 14
3.4 Формула Студент 15
3.5 Студентски награди на меѓународни натпревари 15
3.6 Ден на енергија и одржливост 17
3.7 Јубилеј 30 години МАКО СИГРЕ 18
3.8 Настани организирани од ФСС ФЕИТ 19

4. НАУКА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 20

4.1 Еразмус плус програма 20
4.2 Научна дејност 21
4.3 Награди и признанија 26
4.4 Списание на ФЕИТ 26
4.5 Конференции организирани/поддржани од ФЕИТ 27

5. ФИНАНСИИ И ИНВЕСТИЦИИ 27

5.1 Подобрување на работните услови за вработените и студентите 27
5.2 Попис на основните средства 29
5.3 Јавни набавки 29

6. СОРАБОТКА СО СТОПАНСТВОТО 30

6.1 Центар за трансфер на технологии и иновации – ИНОФЕИТ 31

7. СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ СПОРЕД ISO 35

8. НАСТАВЕН КАДАР 35

9. СТРУЧНИ СЛУЖБИ НА ФАКУЛТЕТОТ 36

9.1 ПРАВНА И ОПШТА СЛУЖБА 36
9.2 СТУДЕНТСКА СЛУЖБА 36
9.3 БИБЛИОТЕКА НА ФЕИТ 37

10. СПОРТ НА ФЕИТ 37

11. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА 39

11.1 АЛУМНИ АСОЦИЈАЦИЈА НА ФЕИТ 39
11.2 ЦЕНТАР ЗА НОВИ СТУДЕНТИ 39
11.3 ЦЕНТАР ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ 40

12. ЗАКЛУЧОК 41

# 1. ВОВЕД

Овој извештај е преглед на реализираните активности на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за академската 2024/2025 година во сите области на неговото делување, како и во организацискиот дел.

Студентите од прва, втора и трета година следат настава според меѓународно акредитирани студиски програми (германска агенција за акредитација, ASIIN). Преку различните ресурси со кои располага факултетот (ФабЛаб, институтски лаборатории, Центар за трансфер на технологии и иновации – ИНОФЕИТ и сл.) беа организирани и поголем број дополнителни активности како школи и работилници со кои на студентите им се понуди можност за дополнително продлабочување на нивните знаења. Интересот за студирање на ФЕИТ во последните 2 години е во силен пораст што е потврда за квалитетот на образованието кое го нуди факултетот, а е заслуга на ангажманот на сите вработени.

Студентите од ФЕИТ се меѓународно препознатливи и играат клучна улога во зголемувањето на меѓународната репутација на факултетот. Тим од 3 студенти освоија прва награда на водечка глобална конференција во областа на обработка на природен јазик, со традиција од 63 години. Тие направија значаен придонес кон дигитализацијата и технолошкиот развој на македонскиот јазик и Вештачката Интелигенција (ВИ). Исто така, тим од 3 студенти од ФЕИТ ја освоија главната награда за најдобар проект на 29-тото издание на ICAMES – меѓународна културна и академска средба на студенти по технички науки. Студентите развија иновативно решение за рехабилитација по повреди на латералните лигаменти на коленото, користејќи сензори и ВИ за персонализиран пристап во домашни услови. Со овие меѓународни награди, ФЕИТ засилено се наметнува како образовен лидер во новите, пропулзивни технички дисциплини. Конечно, дипломираната инженерка од ФЕИТ со просек 10.00, Рената Павлеска, се најде меѓу добитниците на „Инженерски прстен“ во 2025 година.

ФЕИТ и оваа година продолжи со интензивната научно-истражувачка дејност потврдувајќи ја својата улога на лидер во државата во овој домен. Во извештајниот период се имплементираа 11 меѓународни и 2 домашни проекти, а беа аплицирани 23 меѓународни и 5 домашни проекти. Вон. проф. д-р Христијан Ѓорески доби посебно признание, Плакета на Универзитетот, за особени остварувања и за исклучителното достигнување во кариерата и меѓународно признаената извонредност. Проф. д-р Мирко Тодоровски, редовен професор на ФЕИТ, беше предложен од факултетот за дописен член на МАНУ. Факултетот воведе зголемена финансиска поддршка за академскиот кадар за научно и стручно усовршување и донесе политика за интернационализација и меѓународна соработка. Вработените стандардно публикуваа околу 140 трудови, од кои 30-тина во списанија со фактор на влијание.

Центарот за трансфер на технологии и иновации – ИНОФЕИТ се потврди како водечки национален центар за дигитална трансформација и иновации, зацврстувајќи ја својата позиција на двигател на дигиталната и зелена трансформација и стратешки партнер во развојот на иновативна и конкурентна економија во С. Македонија. Најзначаен резултат е воспоставувањето и почетокот на работа на првиот европски дигитален иновациски хаб (ЕДИХ) во С. Македонија, кој нуди повеќе од 300 бесплатни услуги за компании и институции, финансирани од ЕУ и Владата. ИНОФЕИТ активно учествува и во други меѓународни проекти и спроведува нов национален проект за воспоставување на првата „Енергетска Жива Лабораторија" во Македонија, насочен кон зелена и дигитална транзиција на индустријата. Центарот исто така продолжи со договорни истражувања со компании и со партнерства со јавни претпријатија. Во регионален контекст, ИНОФЕИТ учествуваше на повеќе настани и форуми придонесувајќи кон јакнење на мрежата на ЕДИХ центри на Западен Балкан.

Студентите, преку Факултетското студентско собрание (ФСС), беа исто така мошне активни организирајќи низа настани и придонесувајќи кон зајакнувањето на угледот на ФЕИТ локално и меѓународно.

Сите активности во текот на извештајниот период се реализирани благодарение на посветеноста и ангажманот на наставниот кадар, соработниците, административно-техничката служба и студентите. Изразувам искрена благодарност до сите нив, а особено до продеканите и Управата за нивната континуирана и безрезервна поддршка во спроведувањето на сите планирани активности.

# 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## 2.1 Студии на прв циклус

Наставната дејност на Факултетот се одвива редовно во просториите на факултетот. Во текот на учебната 2024/2025 година беа организирани и неколку работни саботи со цел целосно покривање на предвидените наставни активности. Колоквиумските недели и испитните сесии се организираа редовно, во соодветните термини, во целост со физичко присуство на студентите во просториите на факултетот.

На 1.10.2024 година, за новозапишаните студенти беше организиран првиот свечен час, додека претходно на 30.9.2024, заедно со ФСС ФЕИТ, беше организиран и ден за ориентација. Новите студенти добија информации за тоа каде и како се одвива наставата, како и кога се организираат проверките на знаења, како полесно да се справат со административните процедури и уште многу други корисни информации кои со нив ги споделија претставниците на ФСС ФЕИТ. Наставата во академската 2024/25 година започна на 2.10.2024 година.

Бројот на запишани студенти во учебните 2024/25 и 2025/26 по студиска програма е следниов:

| | 2024/2025 | | | | 2025/2026 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Студиска програма | Прв рок | Втор рок | Трет рок | Вкупно | Прв рок | Втор рок | Трет рок | Вкупно |
| ЕАОИЕ | 32 | 0 | 0 | **32** | 57 | 2 | 0 | **59** |
| ЕЕС | 10 | 0 | 0 | **10** | 10 | 2 | 0 | **12** |
| ЕЕПМ | 21 | 0 | 0 | **21** | 17 | 1 | 0 | **18** |
| КСИАР | 73 | 0 | 0 | **73** | 97 | 2 | 0 | **99** |
| КТИ | 99 | 1 | 1 | **101** | 76 | 0 | 0 | **76** |
| КХИЕ | 25 | 2 | 1 | **28** | 45 | 2 | 3 | **50** |
| ТКИИ | 18 | 0 | 1 | **19** | 14 | 0 | 0 | **14** |
| **Вкупно** | 278 | 3 | 3 | **284** | 316 | 9 | 3 | **328** |

На најдобрите студенти од прва година запишани прв пат во учебната 2024/25 година им беа доделени стипендии во износ од едногодишна партиципација и тоа:

- Факултетот додели стипендија на три студенти кои освоиле прво место на акредитиран државен или меѓународен натпревар од областите физика, информатика, електротехника, математика, роботика, електроника, енергетска ефикасност и енергетика.
- МАКО СИГРЕ додели три стипендии во прва година за студентите кои се највисоко рангирани при уписот на електроенергетските насоки.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за прв пат оваа година донесе одлука дека ќе се доделат 10 стипендии на студенти запишани во учебната 2024/2025 кои првата година на студии ќе ја завршат со најдобар просек и освоени 60 ЕКТС кредити. Рангирањето на овие студенти беше извршено по завршување на летниот семестар, односно по 30.9.2025 година. Студентите од оваа листа имаат просек во опсег од 9,56 до 10,00. На оваа листа се наоѓаат пет студенти кои исто така биле во првите 10 рангирани студенти при уписот во 2024/2025 година според успехот постигнат на матурата.

## 2.2 Студии на втор циклус

Според Конкурсот, уписот на студенти на вториот циклус во учебната 2024/2025 година се одвиваше на 21 студиски програми на македонски јазик и три студиски програми на англиски јазик. Конечниот број на запишани студенти на втор циклус по двата уписни рока изнесува 67 студенти, при што се забележува мало зголемување во однос на претходната година кога по двата уписни рокови имало запишано вкупно 60 студенти. Листата ментори на втор циклус студии на ФЕИТ ја сочинуваат 67 наставници.

Постапката за акредитација, односно реакредитација на студиски програми на втор циклус студии е завршена за 24 студиски програми (21 на македонски и 3 на англиски јазик) со добивање решение од Одборот за акредитација. Од учебната 2024/2025 студенти се запишуваат на овие студиски програми. Постапката за

реакредитација на студиската програма Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој на македонски јазик, заради технички причини, сѐ уште е во процес.

## 2.3 Докторски студии

Во учебната 2024/2025 година на III циклус – докторски студии на студиската програма Електротехника и информациски технологии се запишаа 3 студенти, а докторираше еден студент, Кјани Гури. На студиската програма Метрологија немаше ниту запишано ниту докторирано студенти. Листата ментори на трет циклус студии на ФЕИТ ја сочинуваат 42 наставници, на студиската програма Електротехника и информациски технологии, односно 11 наставници, на студиската програма Метрологија.

## 2.4 Промоција на дипломирани и наградени студенти и магистри

На 18.6.2025 год. во зградата на Македонската филхармонија беа промовирани 180 дипломирани инженери и 40 магистри на ФЕИТ. Покрај дипломите, на најуспешните 18 дипломирани инженери по електротехника и информациски технологии, кои дипломирале со просечна оценка поголема или еднаква на 9,00, им беа доделени плакети.

Просечната оцена на студирање што ја постигнале дипломираните 180 студенти е 7,93. Од нив 49 студенти студиите ги започнале во учебната 2020/21 година и студиите ги завршиле во предвидениот рок од 4 години.

Просечното времетраење на студирањето на вкупнот број на студенти (180) кои дипломирале на четиригодишните студии по ЕКТС во периодот од мај 2024 до април 2025 година изнесува 6 години, 5 месеци и 29 дена. Најкусиот временски период во кој се завршени додипломските студии од оваа генерација е 3 години 8 месеци и 15 дена.  Вкупно 101 дипломирани односно 56% од промовираните инженери се девојки, што е околу 4 пати повисок просек на дипломирани жени инженери во однос на западноевропските земји.

Рената Павлеска и Јана Видановска, двете од студиската програма КСИАР, дипломираа како најдобри студентки на ФЕИТ со просечен успех 10,00. Рената Павлеска е добитничка и на признанието Инженерски прстен.





Слика 2.1: Дел од атмосферата на промоцијата од 18.06.2025

## 2.5 Издавачка дејност

Факултетот ја продолжи практиката на објавување рецензирани и нерецензирани изданија, со што за студентите се обезбедуваат печатени материјали на македонски јазик за голем број предметни програми.  Во извештајниот период за прв пат беа објавени следниве изданија:

- „Збирка решени задачи по предметот Дигитални телекомуникации 1“ од проф. д-р Венцеслав Кафеџиски и проф. д-р Славче Пејоски,
- „Збирка решени задачи по предметот Елементи на автоматизација и роботика“ од вон. проф. д-р Маре Србиновска и проф. д-р Владимир Димчев,
- „Предавања по предметот ФИЗИКА 2 - Модерна физика“ од проф. д-р Христина Спасевска, проф. д-р Маргарита Гиновска, проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска и доц. д-р Ивана Фабијаниќ Сандева,
- „Збирка решени задачи од областа на надземни и кабелски водови и нисконапонски инсталации“, од вон. проф. д-р Јорданчо Ангелов и вон. проф. д-р Јовица Вулетиќ (електронско издание),
- „Основи на обновливи извори на енергија - Збирка решени задачи“, од вон. проф. д-р Маја Целеска Крстевска и проф. д-р Влатко Стоилков (електронско издание) во издание на УКИМ.

Покрај тоа,  беа реиздадени и поголем број рецензирани скрипти, предавања, збирки задачи и упатства за лабораториски вежби.

# 3. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

## 3.1 Лабораторија за производство  ФЕИТ ФабЛаб

Лабораторијата за производство ФЕИТ ФабЛаб продолжи со реализација на своите зацртани цели за менторство, организација на школи и работилници, поттикнување на иновации преку натпревари, пристап до професионална опрема за развој на прототипни решенија и поттикнување на индустриските соработки. Во извештајниот период беа отворени ресурсите на ФЕИТ ФабЛаб за организација на работилници за средношколци од страна на институтските лаборатории при ФЕИТ. Подолу се дел од активностите во кои беше вклучена ФЕИТ ФабЛаб во извештајниот период.

### 3.1.1 Работилница „Слободен софтвер за научна и инженерска работа“

Работилницата „Слободен софтвер за научна и инженерска работа“ беше организирана на 21 февруари 2025 во ФЕИТ ФабЛаб во рамки на активностите по предметите Дигитално процесирање на аудио и Биомедицинска електроника. Студентите присутни на работилницата имаа можност да се запознаат со основите на слободниот софтвер и можностите за процесирање на звучни и биомедицински

сигнали. Дополнително, беа претставени основите за работа во командна линија во ГНУ/Линукс оперативните системи.




Слика 3.1: Дел од атмосферата на работилницата

### 3.1.2 Работилница Python 101: Основи на работа со звук во Python

Работилницата “Python 101: Основи на работа со звук во Python” беше организирана na 8 ноември 2024 во ФЕИТ ФабЛаб во рамки на активностите по предметот Електроакустика на програмата КХИЕ. Студентите присутни на работилницата имаа можност да се запознаат со програмскиот јазик Python и основите на процесирање на звучните сигнали со него. Дополнително, беа претставени можностите за примена на слободниот софтвер и Python во науката и инженерството, како и основите на работа во терминал на Линукс и поставувањето на виртуелни околини на Python.



Слика 3.2: Работилница за основи на работа со звук во Python

### 3.1.3 Работилница за асистивни технологии

Работилница на тема асистивни технологии беше одржана на 14 март 2025. На работилницата земаа учество низа на реномирани експерти од оваа област во Македонија кои зборуваа за основите на асистивните технологии и нивниот историски развој и најнови достигнувања, застапеноста на асистивните технологии во Македонија, употребата на асистивната технологија за поддршка на децата во образованието, важноста на пристапноста на дигиталните платформи, основните

критериуми кои се користат за нејзина проценка и најдобрите практики за нејзината реализација. На работилницата беше презентирана и работата на студентите на ФЕИТ во областа на асистивните технологии со демонстрација на низа успешни студентски проекти, како асистивната тастатура и гласот за синтеза на говор на македонски Сузе (https://speech.feit.ukim.edu.mk/), прототип системи за детекција на препреки за слепи лица, контрола на количка со поглед, синтеза на знаковен јазик од влезен текст, како и апликацијата за асистивна комуникација Говорко.

### 3.1.4 Технологија за тебе

Натпреварот „Технологија за тебе“ беше ко-организиран од ФЕИТ-ФАБЛАБ со помош на кадарот од Институтите за електроника, телекомуникации, автоматика и системско инженерство, компјутерски технологии и инженерство и компанијата Логинг Електроникс. Во изданието од 2025 за првпат како ко-организатор се придружи и новоформираниот ИНОФЕИТ ЕДИХ.

Средношколци од единаесет средни стручни училишта од Македонија се натпреваруваа во имплементација на систем за декодирање на порака од звучен Морзеов код во реално време и печатење на пораката на дигитален дисплеј со користење на Ардино микрокомпјутер. Победниците од натпреварот добија шест стипендии за студирање на ФЕИТ на студиската програма Компјутерско хардверско инженерство и електроника и една стипендија за студиската програма Телекомуникации и информациско инженерство. Исто така, победниците добија вредни награди од компанијата Логинг Електроникс и од компанијата Микроелектроника од Србија која учествуваше со предавање заиновативно технолошко едукативно решение од областа на програмабилните системи во делот за практичната настава.

Натпреварот вклучи и работилници, каде средношколците претставуваат проекти на кои работеле во текот на училишна година, додека нивните професори следат обуки и предавања организирани од ФЕИТ.





Слика 3.3: Практична работа на средношколци

### 3.1.5 Саем за креативни индустрии 2024

ФЕИТ ФабЛаб и нашите студенти имаа можност да учествуваат со своите иновативни проекти на Саемот за креативни индустрии, кој се одржа на 25-26 ноември 2024, во едукативниот културен центар „Лабораториум“. Настанот, организиран со поддршка од Министерството за култура, претставува платформа за презентирање на иновации, креативни решенија и технологии кои придонесуваат за развојот на креативните индустрии во нашата земја. Нашите студенти ја демонстрираа својата креативност и технолошка експертиза преку проекти кои ги комбинираат инженерството, уметноста и одржливоста: инвертирано нишало, роби – систем за интеракција човек-робот, очила за детекција на препреки, електронски шах.

Овие проекти се само дел од потенцијалот што младите инженери на ФЕИТ го носат во полето на технолошкиот развој и иновациите.





Слика 3.4: ФЕИТ ФабЛаб на „Саем за креативни индустрии 2024“

### 3.1.6 Мултимедијален настан СинтЕЗА

На 25-ти октомври 2024, во Public Room, беше организиран мултимедијалниот настан за уметност, наука и технологија – СинтеЕЗа. Целта на овој иновативен, мултимедијален настан беше младите од неколку факултети, преку уметност, технологија и наука, да ги претстават визиите за слободата и за нивната улога во современото општество.

ФЕИТ и ФЕИТ ФабЛаб учествуваа со неколку студентски проекти, со кои на посетителите им ги доближивме идеите и остварувањата на нашите студенти. На настанот учествуваа Јована Михајловска со системот за комуникација човек-робот Итар ПеІО, Илија Мижимакоски, Магдалена Мандалова и Ангела Секуловска со автоматската контрола на инверзно нишало, Ана Софрониевска и Даниела Стојческа со очилата за детекција на препреки за слепи и слабовидни, а како специјален гостин им се придружи Дејан Пејчиноски со електронскиот шах.

Всушност, овој настан покажа дека интеграцијата на уметноста, технологијата и науката отвора нови можности за изразување на креативната сила на новите генерации. Покрај тоа, овој настан овозможи да се поттикне соработката меѓу

младите автори, инженери и научници надминувајќи ги границите на различните дисциплини.




Слика 3.5: Дел од атмосферата на СинтЕЗА

## 3.2 Студентски работилници и конференции

### 3.2.1 Студентска конференција за енергетска ефикасност и одржлив развој – СКЕЕОР 2025

Во организација на студентите од ФЕИТ, а со поддршка на вработените од факултетот, во периодот  од 29 октомври до 1 ноември 2024 година се одржа 12-та Студентска конференција за енергетска ефикасност и одржлив развој (СКЕЕОР). На Конференцијата учествуваа студентите од ФЕИТ и останатите технички факултети од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), за заеднички да се осврнат на проблемите поврзани со енергетската транзиција и еко-предизвиците и да понудат и дискутираат иновативни решенија поврзани со овие теми. Конференцијата беше поздравена со присуството на високи преставници на институциите на Република Северна Македонија, министерката за енергетика, рударство и минерални суровини, г-ѓа Сања Божиновска и ректорката на УКИМ, проф. Биљана Ангелова. Нивното присуство претставува директна потврда за препознаеноста на конференцијата и поттик за студентите учесници, уште подлабоко и суштински да работат и истражуваат во областа на енергетската ефикасност и одржливиот развој, кон позелена иднина.



Слика 3.6: Отворање на СКЕЕОР 2024

### 3.2.2 ROBOMAC Junior 2025

ФЕИТ и Македонската секција на IEEE, ја продолжија воспоставената традиција и по петти пат го организираа натпреварот за средношколци во роботика, вештачка интелигенција и електроника RoboMac Junior 2025, во периодот од 12 до 14 мај 2025. Натпреварот се одржа паралелно со главниот настан – RoboMac 2025. На натпреварот учествуваа 54 учесници од четврта година од над 20 средни училишта од Македонија, кои се натпреваруваа во две категории. Освен активностите од натпреварувачки карактер, учесниците имаа можност да следат и неколку предавања во кои се претставија популарни теми од роботиката, вештачката интелигенцијата и електрониката, одржани од професори и експерти во областа.

### 3.2.3 Робомак 2025

RoboMac 2025 се одржа по 13-ти пат на ФЕИТ во Скопје. Учествуваа студенти од ФЕИТ, Машински факултет во Скопје, ФИНКИ и Факултетот за електротехника и компјутерско инженерство во Приштина, распределени во 21 тим. Учесниците имаа можност да се запознаат со последните технолошки иновации поврзани со роботиката, автоматиката, електрониката и вештачката интелигенција, преку богатата програма и практични работилници. Работејќи во тимови, студентите имаа можност да ги употребат своите теоретски знаења и практични вештини, истите да ги надоградат и усовршат, да соработуваат со студенти од земјата и странство, со цел да го освојат првото место во својата категорија. Финалето се одржа на 17 мај 2025 во АМФ на ФЕИТ.




Слика 3.7: Дел од атмосферата на финалето на RoboMac 2025

Носители на настанот се македонската секција на ИЕЕЕ, преку нејзиниот студентски огранок при УКИМ и ФЕИТ, а е во коорганизација со ФСС при ФЕИТ. УКИМ, преку својата фондација „Атанас Близнакоф“ од САД, и оваа година финансиски го помогна одржувањето на RoboMac 2025 вклучувајќи го и RoboMac Junior.

### 3.2.4 Летна школа за мултимедиски технологии

Традиционалната летна школа за мултимедиски технологии, организирана од Институтот за електроника, се одржа во периодот од 24 септември до 1 октомври 2025. Под насловот „Диоген 4.0 – Препознавање на лица“, школата со натпреварувачки карактер опфати предавања и практична работа од областите на дигитална обработка на слика и звук, анализа на слика со методи од машинско учење и практична работа во Python.

### 3.2.5 Електромобилност и иновации: Летна школа за претприемништво во ерата на електрични возила

Летната школа „Електромобилност и иновации“ (мај-јуни 2025) беше интензивна петдневна програма наменета за студенти на УКИМ од различни академски позадини кои се заинтересирани за иновации, електрични возила и претприемништво. Целта беше да се поттикне критичко размислување и практичен развој на бизнис концепти во сферата на одржлива мобилност. Програмата вклучуваше комбинација од предавања од национални и меѓународни експерти (академија, индустрија, стартапи), работилници за развој на бизнис планови, менторски сесии и тимска работа. Учесниците работеа во мали интердисциплинарни тимови и развиваа иновативни решенија поврзани со производи, услуги или дигитални алатки во секторот на електрични возила. На крајот, се организираше и натпревар во развој на бизнис идеи, при што студентски тимови (до 3 студенти во тим) ги презентираа своите решенија пред жири составено од професори, претприемачи и претставници од индустријата. Најдобрите идеи беа наградени и добија можност за понатамошен развој и вмрежување со потенцијални поддржувачи.

### 3.2.6 Летна школа „Детекција на Ацхајмер во говрони сигнали“

Во просториите на ИНОФЕИТ во периодот 23 – 27 јуни 2025 се одржа Летната школа „Детекција на Алцхајмер во говорни сигнали“ организирана во рамките на проектот AI Apps Against Alzheimer in Central Europe (4ACEs) финансиран од International Visegrad Fund. Во нејзе зедоа учество 30тина истражувачи и студенти од ФЕИТ и од низа на меѓународни научно-истражувачки и образовни институции. Во школата, покрај професори од ФЕИТ, предавања одржаа истражувачи од областите говорни технологии и процесирањето на сигнали од 5 меѓународни институции.

## 3.3 Студентски проект „Што дишеме?“

Тим од студенти на ФЕИТ од програмата КХИЕ (Марко Петров, Филип Петковски, Ристе Наќев, Тијана Петковска, Андреј Илиевски и Стефан Василевски) под менторство на проф. Јосиф Ќосев и асс. Никола Јовановски, аплицираа и добија финансирање на материјалните трошоци за проектот „Што дишеме?“ од организацијата EPICSinIEEE. Целта е да се подигне свеста на средношколците за

сеприсутното загадување на воздухот и здравствените последици од него преку лесно следење на нивоата на ПМ честиците во околината на престојување.

Студентите изработија десет уреди за следење и прикажување на ПМ честичките (нивоата на ПМ2.5 и ПМ10), како и температурата и влажноста на воздухот. Уредите се подарени на средните училишта со кои ФЕИТ соработува и кои учествуваа во апликацијата за проектот, а еден ваков уред е поставен и во кругот на ФЕИТ.

## 3.4 Формула Студент

И оваа година продолжи работата на студенти од ФЕИТ, заедно со колеги од Машинскиот факултет, на проектот Формула Студент. Во текот на јули 2025 беше извршена јавна презентација на направениот болид додека во август 2025 студентите учествуваа на престижниот настан Formula Student Alpe Adria во Хрватска со, за прв пат, целосно оперативен болид.






Слика 3.8: Презентација и настап на македонски формула тркачки автомобил

## 3.5 Студентски награди на меѓународни натпревари

Стефан Крстески, Борјан Саздов и Матеа Ташковска, под менторство на професорите Бранислав Геразов и Христијан Ѓорески, ја освоија наградата за најдобар научен труд со наслов “**Towards Open Foundation Language Model and Corpus for Macedonian: A Low-Resource Language**” на меѓународната конференција „Slavic NLP Workshop“, одржана во Виена во рамките на 63-тото издание на една од најпрестижните светски конференции за обработка јазик – ACL (Association for Computational Linguistics). ACL е водечка глобална конференција во областа на обработка на природен јазик, со традиција од 63 години. Со својот труд, студентите направија значаен придонес кон дигитализацијата и технолошкиот развој на македонскиот јазик и Вештачката Интелигенција (ВИ) во Македонија. Во рамките на ова истражување беа развиени четири клучни ресурси:

- голем јазичен ВИ модел (анг. LLM) специјализиран за македонски јазик кој е најдобар во својата категорија – **domestic-yak-8B**
- најголемиот јавно достапен текстуален корпус за македонски јазик

- множество на инструкции на македонски јазик наменето за развој на големи јазични модели
- систем за евалуација на перформансите на јазичните модели на македонски јазик

Овие ресурси се јавно достапни на веб-страницата www.lvstck.org и претставуваат **прва отворена инфраструктура** за развој на големи јазични модели и апликации базирани на вештачка интелигенција на македонски. Овие ресурси можат да се искористат како основа за понатамошни истражувања, развој на македонски јазични алатки и нивна примена во различни сфери и апликации.




Слика 3.9: Награда за најдобар труд на ACL 2025

Студентите Марко Доневски, Елена Тодорова и Маја Наумоска од ФЕИТ ја освоија главната награда за најдобар проект на 29-тото издание на ICAMES (International Cultural and Academic Meeting of Engineering Students) – меѓународна културна и академска средба на студенти по технички науки, организирана од Друштвото на инженери при Универзитетот Боазици во Истанбул, Турција, во период 5-11 мај 2025. Студентите се претставија со проектот „AI-Driven Smart Rehabilitation for Lateral Ligament Knee Injuries“, иновативно решение за рехабилитација по повреди на латералните лигаменти на коленото, користејќи сензори и ВИ за персонализиран пристап во домашни услови. Системот овозможува следење на движењата во реално време, адаптација на вежбите според напредокот на пациентот и далечинско следење од здравствени професионалци преку мобилна апликација и веб-платформа. Овој пристап има потенцијал значително да го подобри квалитетот и пристапноста на процесот на рехабилитација. Проектот на тимот од ФЕИТ се издвои со својата практична примена, интеграцијата на технологијата со здравствени решенија и иновативниот пристап, што придонесе да биде прогласен за најдобар проект на натпреварот.






Слика 3.10: Награда за најдобар проект на ICAMES 2025

## 3.6Ден на енергија и одржливост

На 28 април 2025 година се одржа второто издание на Денот на енергија и одржливост, во организација на ФЕИТ и Македонската секција на IEEE. Настанот се одвиваше во рамки на глобалната иницијатива „Денови на одржлива енергија“ поддржана од Европската комисија, со цел промоција на користење на чиста енергија и енергетска ефикасност.

Настанот започна со кратки презентации на тековните истражувачки активности на кадарот на ФЕИТ во области поврзани со енергијата, енергетската ефикасност, одржливоста, како и новите пристапи во наставата. Посебно беа истакнати резултатите од: 3 ERASMUS+ проекти (EcoMinds, PEMS-ML and EvolvE), 2 IPA ADRION Interreg проекти (INNOVABLUE, GOTOTWIN), 3 Horizon Europe проекти (INITIATE, TRANSIT, R2D2) и 1 билатерален проект. Паралелно со презентациите, во просторот на ФЕИТ-ФАБЛАБ се одржа и работилница наменета за средношколци. На работилницата учествуваа 17 ученици од неколку гимназии, кои имаа можност да научат нешто повеќе за принципите на работа на електричните централи кои користат обновливи извори на енергија, концептите за сопствена потрошувачка и интеграција на производството од обновливи извори на енергија во електроенергетскиот систем. На крај, изработуваа макети на куќи, за кои мали фотоволтаични панели беа искористени за напојување на потрошувачи, со што учениците добија практично искуство за основните принципи на користење обновлива енергија.




Слика 3.11: Ден на енергија и одржливост на ФЕИТ

## 3.7 Јубилеј 30 години МАКО СИГРЕ

На 21 ноември 2025 беше одбележан јубилејот 30 години од основањето на МАКО СИГРЕ, националниот комитет на CIGRE во Македонија. По тој повод, гости на ФЕИТ беа проф. Константин Папаилиу, претседател и г-дин Филип Адам, генерален секретар на меѓународната организација CIGRE. На средбата беше истакната долгогодишната меѓусебна соработка и поддршка меѓу академската заедница и МАКО СИГРЕ, која се заснова на заедничките вредности за споделување знаења и искуства меѓу професионалците и студентите во областите на електротехниката и електроенергетиката. Истиот ден беше беше организирана и Свечена академија по повод јубилејот, на која присуствуваа голем број инженери – членови на МАКО СИГРЕ.



Слика 3.12: Одбележување на јубилејот 30 години МАКО СИГРЕ

## 3.8 Настани организирани од ФСС ФЕИТ

### 3.8.1 Бруцошка@ФЕИТ

На 17.10.2024 година, во дворот и холот на ФЕИТ, се одржа традиционалната Бруцошка на ФЕИТ. Овој еднодневен фестивал имаше за цел да посака добредојде на новозапишаните бруцоши, да го промовира ФЕИТ пред поширокатa јавност и да понуди платформа за млади македонски музичари. Настанот претставуваше продолжение на традицијата на забави што создаваат чувство на заедништво и пријателство меѓу студентите. Овој пат, сцената беше оживеана од настапите на артистите Visionary, M!, Дупер, ЛД Пистолеро и Јанг Дади, како и ДЈ-те Soulcase, L.O.V.D и Андреј Мицајков. Секој од овие музичари донесе уникатен стил, создавајќи динамичен и разнолик жанровски микс што ги освежи студентите со поп, рап и електронска музика. Фестивалот привлече над 5000 посетители, кои со ентузијазам уживаа во музиката и атмосферата. Организаторите, поддржани од УКИМ, ФЕИТ и Град Скопје, MY:TIME, Скопско Smooth, Telekom, AMCM, Прокредит банка и Rapsody, создадоа една незаборавна вечер, полна енергија и задоволство. Овој настан не само што ја потврди важноста на културната сцена во Македонија, туку и ја зацврсти заедницата на новите студенти, отворајќи нови можности за соработка и пријателства. Бруцошката забава стана спомен за многумина, полна со насмевки, музика и радост.

### 3.8.2 Science@ФЕИТ

„Science@FEIT" е меѓународна студентска конференција организирана од студентите на ФЕИТ. Оваа конференција служи како платформа за студенти и истражувачи каде што тие ги презентираат своите научни трудови, дебатираат за технолошките иновации и ги разгледуваат најновите достигнувања во областа на техничките науки. Првично започната како локален настан, „Science@FEIT" успешно се одржува веќе четири години, стекнувајќи репутација на респектабилен настан. Од 2024 година, конференцијата прерасна во меѓународен настан, со учество на студенти од технички универзитети низ целиот Балкан и траеше три дена. Оваа година, конференцијата беше поддржана од спонзори како Телеком, ЕВН, JetBrains, Инфинеон, Шпаркасе Банка, Титан-УСЈЕ, Гересхајмер и УСС при УКИМ. Конференцијата вклучуваше предавања и панел дискусии на теми како оптимизација на производствени процеси, телекомуникации, енергетика, машинско учење и кибербезбедност, но имаше и сесии за претприемништво, менаџмент и комуникации, кои беа корисни за сите учесници. Дополнително, беа организирани повеќе работилници од страна на спонзорите и поддржувачите на настанот.

### 3.8.3 Култура@ФЕИТ

Во текот на учебната 2024/25, ФСС-ФЕИТ организираше повеќе настани со цел да го збогати културниот живот на студентите. Во месец април 2025, во дворот на

ФЕИТ, се одржа Coffee@FEIT кој имаше за цел да ја зајакне врската помеѓу студентите и професорите, а исто така да понуди можност за матурантите од различни средни школи да се запознаат со атмосферата на ФЕИТ и да дознаат нешто повеќе. На Coffee@FEIT, присутните уживаа во жива музика, пинг понг, вкусни закуски и кафе. Освен тоа, друштвените игри од Samo bar внесоа дополнителна доза забава, додека пак Red Bull беше присутен за да ја подигне енергијата на настанот. Оваа активност привлече голем број учесници и создаде пријатна атмосфера за дружење. Како дел од овој настан беше организирана и „потрага по богатство“. Овој мал натпревар, спонзориран од Анхоч, имаше за цел подобро да ги претстави основните полиња кои се изучуваат на ФЕИТ, а во него учествуваа повеќе од 30 средношколци.

Дополнително, ФСС-ФЕИТ организираше и две студентски забави во Beertija и Laboratorium, каде што присуствуваа повеќе од 500 студенти. Овие забави станаа популарни и ги обединија студентите од различни години, поттикнувајќи создавање на нови пријателства и размена на искуства. Со секоја забава, атмосферата беше исполнета со позитивна енергија и забава, што ја потврдува важноста на социјализацијата во студентскиот живот.

Исто така во дворот на ФЕИТ се организираше и кино на отворено. Овој настан беше во соработка со ФСС МФС, МКЦ и кинотека, во склоп на фестивалот Хи-Фи. Вкупно, организираните настани во учебната 2024/25 помогнаа во создавањето на една жива и динамична студентска заедница, што допринесе за збогатување на културниот живот на ФЕИТ.

# 4. НАУКА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 4.1 Еразмус плус програма

Во рамките на Еразмус плус програмата, ФЕИТ, преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, за учебната 2025-2026 година го обнови договорот со Универзитетот Мигуел Хернандез во Елче – Шпанија и потпиша нов договор со Југозападниот Универзитетот „Неофит Рилски“ во Благоевград – Бугарија. Сите договори се продолжени до учебната 2028-2029. Во процедура е и обновувањето на сите останати договори кои се истечени како и склучување на нови договори.

На конкурсот на УКИМ за учебната 2024/2025 година на програмата ЕРАЗМУС+ КА 103 за студентска мобилност не се пријави ниту еден кандидат. Но, затоа се пријави еден кандидат (Андреј Левков) кој во летниот семестар на академската 2024/25 реализираше студентска пракса на Универзитетот од Авеиро – Португалија. За жал, на конкурсот кој што заврши неодамна за студентска мобилност за академската 2025/2026 не се пријави ниту еден студент на додипломски студии иако неколку студенти покажаа интерес. Според новата пракса, УКИМ сега за студентска мобилност и студентски пракси објавува конкурс

двапати во една академска година. Така на конкурсот во април 2025 за зимскиот семестар во академската 2025/2026 година се пријави еден кандидат на докторски студии (Богоевски Злате) кој ќе реализира краток престој на Универзитетот Западна Македонија во Кожани – Грција.

Што се однесува до мобилноста на наставниот кадар преку Еразмус+ програмата, за неа интерес покажа проф. Марија Календар која конкурираше во април 2025 година за реализација на престој на Универзитетот Умеа во Шведска.

Во изминатиот период преку Еразмус+ програмата се реализирани мобилности на наставен кадар од други Универзитети на нашиот факултет. Така 3 професори од Универзитетот во Осијек престојуваа на ФЕИТ, од кои двајца за време на РобоМак, како и еден професор од СРХ Универзитетот во Берлин – Германија.

Исто така во соработка со колегите од Универзитетот во Марибор – Словенија реализирани се две мобилности на студенти на додипломски студии кои учествуваа во септември 2025 година на летната школа за обновливи извори на енергија организиран од Факултетот за енергетика во Велење и Кршко.

## 4.2 Научна дејност

Факултетот и во изминатата година продолжи со исклучителната активност во делот на научно-истражувачката дејност. Меѓународни проекти кои се имплементираа на Факултетот во извештајниот период се:

1. Персонализирано учење во мерната техника поддржано со машинско учење – PEMS-ML, KA220-HED, Еразмус+, раководител проф. д-р Маре Србиновска (2024-2026).
2. Иновациска мрежа за развој на решенија и технологија за одржлива сина економија во јадранско – јонски регион - INNOVABLUE, Interreg IPA ADRION Programme 2021 – 2027, раководител проф. д-р Владимир Атанасовски (2024-2026).
3. Унапредување на обновливите извори за енергија во Јадранскиот и Јонскиот регион преку примена на технологија на дигитален близнак - GoToTwin, раководител проф. д-р Живко Коколански, во рамките на INTERREG ADRION програмата.
4. Подобрување на прибирањето на податоци од животната средина преку машинско учење и системи за бази на податоци - EcoMinds, раководител проф. д-р Марија Календар, во рамките на Еразмус+ програмата.
5. ИНОФЕИТ Европски Дигитален Иновациски Хаб: Централен хаб за дигитална и зелена трансформација на Република Северна Македонија, раководители проф. д-р Димитар Ташковски (ИНОФЕИТ), проф. д-р Владимир Атанасовски (ФЕИТ), во рамки на програмата Digital Europe.

6. Поддржување на европско истражување и развој преку соработка на чинители и институционална реформа - INITIATE, HORIZON-WIDERA-2023-ACCESS-03, раководител проф. д-р Димитар Ташковски (2024-2027).
7. Поддршка на еволутивната експанзија на техничко и претприемничко знаење за електрични возила- EvolvEv, Еразмус+, КА2 – CP, раководител доц. д-р Владимир Ѓоргиевски (2023-2025).
8. Технологии за доверливост, отпорност и одбрана на мрежата - R2D2, HORIZON-CL5-2021-D3-01-07, раководител вон. проф д-р Александра Крколева Матеска (2022 - 2025).
9. Транзиција до одржлива иднина преку тренинг и образование – TRANSIT - Horizon Europe, HORIZON-CL5-2021-D3-02-02, раководител вон. проф. д-р Петер Крстевски (2022 - 2025).
10. Преобликување на иднината на вселенското образование преку мултидисциплинарни, инклузивни и одржливи активности за учење и предавање, Erasmus+, KA220-HED-Cooperation partnerships in higher education, координатор проф. д-р Зоран Хаџи Велков (2022 – 2025).
11. Меѓународен иновациски центар за наука за податоци и обновлива енергија – Исток, IDEA-East Hub, во рамките на DAAD програмата, раководител проф. д-р Марија Календар (2022 – 2025).

Со поддршка од раководителите на проектите, на веб страницата на ФЕИТ се објавуваат тековните проектни активности, а понатаму се споделуваат и на социјалните мрежи, што придонесува за зголемување на видливоста на ФЕИТ во пошироката заедница. Податоци за меѓународните проекти се објавуваат и на веб страницата на УКИМ, во делот за меѓународна соработка - https://ukim.edu.mk/megjunarodna-sorabotka/internacionalni-proekti/lista-na-aktivni-proekti/. Во рамките на проектот INITIATE се оформи и групата за паметни енергетски мрежи, во која членува дел од наставниот кадар и соработниците на ФЕИТ. Целта на оваа група е да делува интердисциплинарно и да се поттикне соработката меѓу вработените на ФЕИТ.

Во рамки на проектот EvolvEv се организираше и летната школа „Електромобилност и иновации“, наменета за студенти на УКИМ од различни академски позадини кои се заинтересирани за иновации, електрични возила и претприемништво, со цел да се поттикне критичко размислување и практичен развој на бизнис концепти во сферата на одржлива мобилност.

Наставниот кадар на ФЕИТ континуирано поднесува пријави за научно-истражувачки проекти во рамки на повеќе различни програми, целејќи да ги искористи расположливите фондови за поддршка на научно-истражувачката работа. Дел од апликациите се поднесени и преку ИНОФЕИТ. Во извештајниот период поднесени се следните апликации за меѓународни проекти:

1. TicTac5G: Временски-критично пресметување кај мобилен раб во 5G и пошироко, раководител вон. проф. д-р Валентин Раковиќ, во рамки на проектот FIDAL од програма Horizon Europe.
2. RESOLVE: Решавање на општествените, околинските и економските предизвици во пазарното навлегување на обновливи извори за праведна енергетска транзиција, раководител доц. д-р Владимир Ѓоргиевски, во рамки на програмата Horizon Europe.
3. POWER TRANSIT: Начини за оптимизација на широката употреба на обновлива енергија во енергетската транзиција, раководител вон. проф. д-р Петар Крстевски, во рамки на програмата Horizon Europe.
4. SOLIDARITY: Демонстрирање на достапни и отпорни енергетски заедници со фотоволтаични системи, раководител проф. д-р Александра Крколева, во рамки на програмата Horizon Europe.
5. VELLMA: Унапредување на стручното образование преку примена на Големи јазични модели, раководител проф. д-р Бранислав Геразов, во рамки на Erasmus+ KA220-VET.
6. HAIPED: Холистична ВИ за персонализирана СТЕМ едукација во високото образование, раководител проф. д-р Катерина Ралева во рамките на програмата Erasmus+ KA220-VET.
7. EvalIA: Процедури, индикатори, дескриптори и инструменти за евалуација на примена на вештачка интелигенција во академското истражување, раководител проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска, во рамки на програмата Erasmus+ KA220.
8. SMART: Одржливо управување со природни и отпадни води со примена на технологии базирани на обновливи извори на енергија, раководител проф. вон. проф. д-р Маја Целеска Крстевска, во рамки на програмата Erasmus+ KA220 HED.
9. BULDINGS4CLIMATE: Поддршка на енергетски ефикасни и паметни климатски неутрални градби во Грција и Западен Балкан, во рамки на програмата EUKI.
10. GreenPulse: Контрола и управување на потрошувачка на електрична енергија за зелена транзиција, раководител доц. д-р Васко Здравевски, во рамки на програмата EUKI.
11. HPC-Europe+: Унапредување на вештини, иновации и подготвеност за индустрија, раководител доц. д-р Бојана Величковска, во рамки на Европската програма за магистерски студии, HPC.
12. DIGI-AR-AI: Платформа за дигитализација на трафостаници управувана од вештачка интелигенција и предиктивно одржување за А.Д. Електрани на

Северна Македонија, раководител проф. д-р Крсте Најденкоски, во рамки на програмата Horizon Europe, Jarvis Project.

13. Лабораторија за напредни електрични машини: Градење на иднината на инклузивни, дигитални и одржливи инженерски иновации засновани на технологијата на Индустрија 4.0, раководител проф. д-р Гога Цветковски, во рамки на програмата Regional Challenge Fund.
14. ACCOMPANY: Јадранска соработка за управување и превенција на адолесцентската дебелина преку стратегии за паметна специјализација за одржлив и инклузивен раст, раководител вон. проф. д-р Христијан Ѓорески, во рамки на програмата Interreg IPA ADRION.
15. CREDesiR-3: Креативен дизајн во рамки на Паметната специјализација, раководител вон. проф. д-р Марија Марковска Димитровска, во рамки на програмата Interreg IPA ADRION.
16. ROBOTWIN: Роботски систем со дигитален близнак за применето истражување и транзиција кон индустрија, раководител вон. проф. д-р Горјан Нацински, во рамки на програмата WEB2025.
17. ROBOTWIN: Роботски систем со дигитален близнак за применето истражување и транзиција кон индустрија, раководител вон. проф. д-р Горјан Нацински, во рамки на програмата WEB2025.
18. PLATO-6G: Протокол за учење и автоматизација кон оптимални 6G stacks раководител проф. д-р Александар Ристески, во рамки на програмата Horizon Europe.
19. FullSpeechChain: Висококвалитетна симулација на целиот циклус на учење на продукција и перцепција на говор, раководител вон. проф. д-р Бранислав Геразов, во рамки на програмата Horizon Europe.
20. RiseUP 4CET: Обновување на националната платформа на вештини за енергетска ефикасност за транзиција кон чиста енергија, раководител проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска, во рамки на програмата LIFE Clean Energy Transition.
21. NanoNeed: Развој на нанометрологија за потребите на новите национални метролошки институти, раководител проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска, во рамки на програмата European Partnership on Metrology Call 2025.
22. GREENMOVE: Засилување на регионите за праведна зелена транзиција преку мобилност на работната сила и индустриска преориентација, раководител доц. д-р Владимир Ѓоргиевски, во рамки на програмата Horizon Europe.
23. VORTEX-AI: Дијагностичка рамка водена од генеративна вештачка интелигенција базирана на платформа со вортекс-биомаркери за рано

откривање на срцева слабост, раководител проф. д-р Зоран Ивановски, во рамки на програмата Horizon Europe.

Освен поднесување апликации за истражувачки проекти поддржани од меѓународни програми и институции, наставниот кадар на ФЕИТ беше вклучен и во подготовка на апликации за проекти кои се поддржани од национални институции.

На редовниот Конкурс за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти за 2024/2025 година објавен од УКИМ беше пријавен и одобрен проектот „Оспособување на мали јазични модели за ефикасна и ефективна употреба со помош на аугментирано генерирање со поддршка од пребарување“, чиј раководител е доц. д-р Бојана Величковска. Во согласност со Одлуката за доделување средства за финансирање научно-истражувачки проекти донесена од Деканатската управа во 2021 година, од сопствени средства се финансира и проектот „Моделирање на интеракцијата меѓу нискофреквенциски електромагнетни полиња и човековиот организам“ предложен од вон. проф. Андријана Кухар.

По подолг период, Министерството за образование и наука објави Конкурси за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети/научни институти/МАНУ за 2025 година. На овие повици, тимови од ФЕИТ доставија вкупно пет пријави:

1. Интегриран метролошко-комуникациски систем за Индустрија 4.0 – МЕТРОКОМ, главен истражувач проф. д-р Зоран Хаџи-Велков,
2. Дигитален близнак и машинско учење како алатки за мерно-дијагностички методи во Индустрија 4.0 (DTML-I4.0), проф. д-р Маре Србиновска,
3. Стабилност на електроенергетскиот систем на Македонија во услови на големо присуство на електрични централи од ОИЕ, главен истражувач доц. д-р Васко Здравески,
4. Систем за интеракција човек-машина базиран на Вештачка интелигенција (СИВИ), главен истражувач, проф. д-р Бранислав Геразов,
5. Мулти-сензорска Вештачка интелигенција за човечки активност, однесување и сознанија за ментално здравје (HABIT-AI), главен истражувач вон. проф. д-р Христијан Ѓорески.

По одлука на комисиите за оцена на пријавите формирани од Министерстовто, проектите МЕТРОКОМ, раководител проф. д-р Зоран Хаџи-Велков и DTML-I4.0, раководител проф. д-р Маре Србиновска се одобрени за финансирање и нивната реализација веќе започна.

Наставниците и соработниците на ФЕИТ континуирано ги објавуваат своите истражувања и резултати во списанија и на меѓународни конференции. Вообичаено се објавуваат меѓу 100 и 140 трудови годишно, и тоа околу 30 трудови

во списанија со фактор на влијание, а останатите во списанија со меѓународен уредувачки одбор и на меѓународни академски собири.

Наставно-научниот совет на ФЕИТ донесе и Политика за меѓународна соработка и интернационализација на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии-Скопје. Целите на спроведување на овој документ се унапредување на квалитетот на наставната и научноистражувачката дејност, како и зајакнување на капацитетите и компетенциите на наставниот и истражувачкиот кадар и студентите. Остварувањето на целите ќе придонесе ФЕИТ да биде водечка институција во регионот во своето поле на делување, видлива и препознатлива по својата активна улога во меѓународната академска заедница. За спроведување на оваа политика ФЕИТ ги измени и принципите на поддршка на кадарот на ФЕИТ, зголемувајќи ги средствата за учество на меѓународни собири, објавување трудови во списанија индексирани во базите Web of Science и Scopus, учество на настани за вмрежување и други активности за унапредување на научно-истражувачката дејност на факултетот.

### 4.3 Награди и признанија

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го одбележува Светскиот ден на науката за мир и развој – 10 ноември, со промоција на најдобрите научници и уметник на Универзитетот за достигнувањата реализирани во изминатата календарска година. Ценејќи ги неговите исклучителни научно-истражувачки достигнувања во 2023 година, Факултетот го номинираше вон. проф. д-р Христијан Ѓорески на Конкурсот за најдобри научници и уметник на Универзитетот за 2023 година. При разгледување на поднесените апликации, УКИМ ги препозна научните достигнувања на неколкумина професори, меѓу кои и вон. проф. д-р Христијан Ѓорески и му додели посебно признание - Плакета на Универзитетот. Плакетата се доделува за особени остварувања, односно: за објавени повеќе од 100 научни трудови, индексирани во базата Web of Science, и за исклучителното достигнување во кариерата и меѓународно признаената извонредност, преку застапеност на Stanford University World's Top 2 % Scientists, на листата за достигнувања во целокупната кариера.

### 4.4 Списание на ФЕИТ

Списанието за електротехника и информациски технологии продолжи да излегува и во овој извештаен период. Во декември 2024 излезе изданието 9, број 2, во кое се објавени пет трудови. Во август 2025, со мало задоцнување, излезе изданието 10, број 1, во кое се објавени седум трудови. Се работи на вториот број на годинешното издание. Сите доставени трудови поминуваат низ процес на рецензија и јазичен преглед пред конечно објавување. Списанието продолжува да излегува само во електронска форма, со отворен пристап, а достапно е преку веб страната на ФЕИТ, на https://jeeit.feit.ukim.edu.mk/index.php/jeeit

### 4.5 Конференции организирани/подржани од ФЕИТ

Во организација на ФЕИТ, од 6 до 10 август 2025 година во Охрид, се одржа Деветтата македонска работилница по применета математика и теорија на графови. Работилницата се одржува еднаш годишно и има за цел да ја промовира дискретната и применетата математика во Македонија. Во рамки на работилницата, поканети предавања одржаа: Стеван Пилоповиќ (Српска академија на науките и уметностите, Србија), Томислав Дошлиќ (Универзитет во Загреб, Хрватска), Цинг Хуанг (Универзитет во Викторија, Канада) и Владо Станковски (Универзитет во Љубљана, Словенија). На настанот учествуваа околу триесет истражувачи и студенти од втор и трет циклус, кои дојдоа од Македонија, Словенија, Хрватска, Србија, Јужноафриканската Република, Холандија, Канада, Кина и Австралија. Работилницата помина во одлична атмосфера, со бројни дискусии, размена на идеи и можности за воспоставување нови соработки.

Во јуни 2025, ФЕИТ беше домаќин и организатор на 32$^{nd}$ International conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP) 2025. На конференцијата учествуваа истражувачи од целиот свет кои ги споделија своите најнови истражувања, откритија и иновации од клучни области како напредната обработка на сигнали и слики, машинско учење, современи комуникациски системи, интернет на нештата, радари, биомедицински сигнали и слики и друго.

Во април 2025 година, во просториите на ИНОФЕИТ се одржа второто издание на Денот на енергија и одржливост, во организација на ФЕИТ и Македонската секција на IEEE. Настанот се одвиваше во рамки на глобалната иницијатива „Денови на одржлива енергија“ поддржана од Европската комисија, со цел промоција на користење на чиста енергија и енергетска ефикасност. Настанот беше искористен за презентации на тековните истражувачки активности на кадарот на ФЕИТ во области поврзани со енергијата, енергетската ефикасност, одржливоста, како и новите пристапи во наставата. Беа презентирани резултатите од следните проекти: EcoMinds, PEMS-ML и EvolvEv, од програмата Erasmus+, проектите INNOVABLUE, GOTOTWIN од програмата IPA ADRION Interreg, проектите INITIATE, TRANSIT, R2D2 од програмата Horizon Europe и еден билатерален проект.

# 5. ФИНАНСИИ И ИНВЕСТИЦИИ

### 5.1 Подобрување на работните услови за вработените и студентите

Во изминатиот период на Факултетот за електротехника и информациски технологии беа спроведени бројни активности насочени кон подобрување на работните услови за вработените и студентите.

Целосно се обновени ходниците пред наставните простории на првиот и вториот кат од главната зграда на факултетот, како и осветлувањето во нив. Дополнително, извршена е замена на светлосните тела и уредување на ходниците пред канцелариските простории. Сите тоалети во главната зграда се реновирани преку молерисување, замена на сите санитарни елементи и подобрување на вентилацијата. Извршена е и целосна реконструкција на деканатот на ФЕИТ, со замена на вратите и дел од инвентарот, како и молерисување и освежување на просториите.

Целосна реконструкција беше спроведена и во лабораторијата за електротехника. Заменети се главните доводни и одводни цевки на топловодната инсталација со што се елиминирани долгогодишни истекувања. Поставени се нови подни облоги, извршено е бојадисување на радијаторите, вратите и ѕидовите, со што значително се подобрени условите за изведување на лабораториските вежби и за работа на наставниот кадар.

Реконструирана е и просторијата „Заеднички извори“, каде што е извршена обработка на ѕидовите и подовите, а поставени се метални ормари за складирање архивски материјали. Старата архивска просторија на влезот од анексот е пренаменета во машинска соба, во која е инсталирана топлинска пумпа за потребите на живата лабораторија во ИНОФЕИТ.

Целосно е обновена и поранешната поштенска просторија пред библиотеката, која е пренаменета во магацински простор со ново изработени рафтови за складирање материјали. Во тек е реконструкција и на лабораторијата на Институтот за компјутерски технологии и инженерство во анексот на ФЕИТ, која опфаќа поставување на ламинатни подови, нови мултимедиски системи, замена на вратата и комплетно молерисување. Истовремено се изведуваат активности за обновување на двете помали лабораториски простории во Лабораторијата за електрични машини и апарати.

Извршена е и реконструкција на нисконапонската инсталација во трафостаницата на ФЕИТ, која служи за напојување на факултетското бифе. Поставена е нова нисконапонска разводна табла и замена на заштитните системи од овој дел на електричната мрежа.

Како и вообичаено, во изминатиот период беа реализирани и повеќе тековни активности за санација и одржување на објектот — поправки, набавка и монтажа на климатизери, чистење и одржување на кровните конструкции и слични интервенции.

Соработката со индустријата придонесе кон нови донации на опрема и материјали. Компанијата Контрон донираше хибриден инвертер за фотоволтаичната електрана поставена на кровот на анексот. Инвертерот е инсталиран и пуштен во употреба, а во тек се разговори за донација на високонапонски батериски систем за складирање на енергија од електраната.

Во завршна фаза е и постапката за потпишување договор со меѓународната компанија EPLAN GmbH за добивање универзитетска лиценца за користење на софтверската платформа EPLAN. Во најскоро време се очекува факултетот да добие целосен и бесплатен пристап до платформата од сите компјутери со IP адреси на ФЕИТ.

## 5.2 Попис на основните средства

Со одлука број 02-1772/7 од 18.11.2024 година донесена на Деканатската управа се формираше Централна и други пописни комисии за реализација на пописот на опрема за 2024 година, со состојба на 31.12.2024 година. Пописот беше уредно завршен во определениот рок беа подготвени соодветни извештаи на пописните комисии и Централната пописна комисија. Со одлука број 02-239/4 од 6.02.2025 година, формирана е комисија задолжена за реализација на отписот за 2024 година. Расходот треба да се реализира до крајот на 2025.

## 5.3 Јавни набавки

Согласно Законот за јавни набавки и потребите на ФЕИТ во периодот од 01.10.2024 до 30.09.2025 се склучени договори за јавни набавки во вкупен износ од 20.915.731,00 денари со ДДВ.

Според видот на договорот за јавна набавка се склучени:

- за набавка на стоки, вкупен износ од 6.015.754,00 ден со ДДВ и
- за набавка на услуги, вкупен износ од 14.899.977,00 ден со ДДВ.

Од договорите за јавна набавка на стоки, за набавка на опрема (компјутерска опрема, лидар камера, современа мобилна роботска платформа, мерни инструменти и електрични уреди и клима уреди) се склучени договори за јавни набавки во вкупен износ од 4.019.476,00 ден со ДДВ. Останатите договори за набавка на стоки, во износ од 1.996.278,00 ден со ДДВ, се однесуваат за набавка на стоки за потреби кои произлегуваат од тековно работење на факултетот (потрошни материјали за лаборатории, периферни компоненти, резервни делови и услуги за теконвно одржување на компјутерска и мрежна опрема, средства за хигиена, канцелариски материјали, пијалоци, и сл.).

Договорите за јавна набавка на услуги се редовни постапки кои произлегуваат од законски обврски кои ги има факултетот како и од редовното работење (осигурување на имот и вработени, систематски и здравствено-хигиенски прегледи, печатарски и графички услуги, тековно одржување на објекти, калибрација на мерни инструменти, мобилна телефонија, услуги од авторска агенција, услуги за организација на настани и сл.).

Според намената и рок на важност на договорите во овј период се склучени:

- за потреби на меѓународни проекти во вкупен износ од 1.198.600,00 ден без ДДВ;

- јавни набавки со важност од 2 години во вкупен износ од 3.345.600,00 ден со ДДВ.

# 6. СОРАБОТКА СО СТОПАНСТВОТО

Факултетот остварува соработка со стопанството преку својата партнерска програма, понуда на експертски, стручни и консултантски услуги за потребите на стопанските субјекти, работа на заеднички развојно-истражувачки проекти, услуги на вештачење, студентски пракси, стипендии и сл.

Во извештајниот период, компаниите Гоматик ДОО и Солар Спектар АГ ДООЕЛ станаа дел од партнерската програма на ФЕИТ. Гоматик ДОО донираше средства од 100.000 денари за набавка на мобилна роботска платформа, за експериментирање со напредни алгоритми од автономна навигација, управување и перцепција, а со цел обновување и модернизација на опремата за настава и истражување на Институтот за автоматика и системско инженерство. Солар Спектар АГ ДООЕЛ донираше фотоволтаична опрема во вредност од 2.400 евра која се состои од: два бифацијални панели, микроинвертор, два рефлектори, дополнителна приклучна опрема и соодветна подвижна конструкција, заради зголемување на техничките капацитети на Лабораторијата за електрични машини, трансформатори и апарати.

Во извештајниот период се потпишаа 7 нови меморандуми за соработка со компании и тоа со ЕВН Македонија, Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ – Скопје, Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој при Македонската академија на науките и уметностите (ИЦЕОР-МАНУ), АХИОС ДООЕЛ, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (МЕРМС), Гоматик ДОО и Солар Спектар АГ ДООЕЛ.

Како поголеми договори кои се реализираат на ФЕИТ се издвојуваат оние со АД ЕСМ, ЈП за државни патишта (при што во извештајниот период се потпиша нов договор за консултантски услуги на период од 12 месеци) и Агенцијата за планирање на простор за чии потреби се изработуваат просторните планови за енергетската и телекомуникациската инфраструктура на државата за период 2020-2040. Во апликативната дејност на Факултетот активно се вклучени Лабораторијата за мерење – калибрациска лабораторија (акредитирана согласно IEC 17025), Лабораторијата за радијациона физика (акредитирана согласно IEC 17025) и Инспекциското тело за електротехнички уреди, инсталации и опрема (кое обединува поголем број лаборатории и процедури).

На 5-ти март 2025 се одржа првата тематска тркалезна маса за размена на искуства во електроенергетскиот домен помеѓу релевантни чинители од Македонија и Романија. Учествуваа академски претставници од ФЕИТ и Универзитетот во Констанца, претставници на бизнис секторот, транспортни оператори како и регулатори. Романија, како членка на ЕУ, ги сподели своите искуства околу развојот

на електроенергетскиот систем и интеграцијата на обновливите извори на енергија. Беше развиена интензивна дискусија околу тековните предизвици и можностите за нивно заедничко надминување во иднина. Тркалезната маса беше поддржана и од Амбасадата на Република Романија во Македонија преку присуство на амбасадорката и нејзината заменичка. На маргините на тркалезната маса се остварија и средби помеѓу претставници на УКИМ и Универзитетот во Констанца и романскиот CITYINNOHUB и INNOFEIT EDIH. Средбите резултираа во потпишување договори односно меморандуми за соработка и разбирање меѓу засегнатите чинители.

Во извештајниот период продолжи активното стипендирање на студентите на ФЕИТ. Студентите запишани на електроенергетските насоки и КСИАР на ФЕИТ можеа да аплицираат за стипендии од ОКТА АД Скопје. Истата опција ја имаа и сите студенти запишани на слични студиски програми во прва година на втор циклус студии на ФЕИТ. ОКТА АД Скопје понуди и стипендија за постдипломски студии во странство. Оглас за стипендии распишаа и ЕВН Македонија како и АД ЕСМ за 5 стипендии за студентите од електроенергетските студиски програми. ЕВН Македонија дополнително објави и програма за стипендии „ЛОСТ“ наменета за студентки и студенти со ниски семејни месечни примања запишани на електротехничките факултети и факултети за информациски науки. МАКО СИГРЕ традиционално обезбеди по една годишна стипендија за студентите на студиските програми по електроенергетика на ФЕИТ.

## 6.1 Центар за трансфер на технологии и иновации – ИНОФЕИТ

По околу осум години од своето формирање, Центарот за трансфер на технологии и иновации – ИНОФЕИТ се етаблира како водечки национален центар за дигитална трансформација и иновации. Со својата мисија да го поврзе академскиот сектор со индустријата и јавните институции, ИНОФЕИТ ја зацврсти својата позиција како клучен партнер на бизнис заедницата, јавните институции и академијата во процесите на дигитализација и иновации.

### ИНОФЕИТ ЕДИХ

Главната активност на ИНОФЕИТ во учебната 2024/2025 година беше воспоставувањето и започнувањето со работа на првиот Европски дигитален иновациски хаб (ЕДИХ) во Република Северна Македонија. По успешната апликација во рамките на програмата DIGITAL и добивањето на проектот INNOFEIT European Digital Innovation Hub: One-stop shop for digital and green transformation in the Republic of North Macedonia, конзорциумот предводен од ИНОФЕИТ и составен од единици на УКИМ (ФЕИТ, ФЗНХ, ГФ и АФ), Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Воена академија, како и индустриски и стопански партнери (СОЛВЕО, Сојуз на стопански комори, Македонска асоцијација на преработувачи, Контрон, Интерспаце и Микросам) официјално го започна спроведувањето на активностите на ЕДИХ.

На 31 јануари 2025 година, ИНОФЕИТ ЕДИХ беше свечено отворен, со што Северна Македонија стана дел од европската мрежа на околу 250 ЕДИХ-ови чија цел е да придонесат за дигитална и зелена трансформација на малите и средни претпријатија и јавната администрација. Настанот се одржа во присуство на претставници од Владата на Република Северна Македонија, бизнис заедницата, стопанските комори и академскиот сектор, што уште еднаш ја потврди улогата на ИНОФЕИТ како централна точка за поврзување на сите релевантни чинители во процесите на дигитализација.

Поконкретно, услугите кои ги нуди ИНОФЕИТ ЕДИХ се насочени кон помош на компаниите и институциите во подобрување на нивните процеси, продукти и услуги преку примена на напредни дигитални технологии. Преку тестирање пред инвестирање услугата, компаниите можат да експериментираат со нови технологии без дополнителни ризици и значителни трошоци. Освен тоа, ЕДИХ обезбедува и техничка експертиза, поддршка во пристап до финансии за дигитализација, како и обуки за зголемување на знаењето и дигиталните вештини на вработените. Сите овие активности се суштински за забрзана дигитална и зелена трансформација на економијата и јавниот сектор.

Во извештајниот период, фокусот беше ставен на воспоставување на основните функции на ИНОФЕИТ ЕДИХ, изработка на каталогот на услуги и промоција на јавниот повик преку кој компаниите и институциите ќе можат да добијат повеќе од 300 бесплатни услуги во вкупна вредност од 2 милиони евра, финансирани од Европската Унија и Владата на Република Северна Македонија. Во следната фаза, акцентот ќе биде ставен на практична реализација на овие услуги и систематско мерење на нивното влијание врз дигиталната трансформација на корисниците, претставувајќи најголем координиран напор за дигитализација во земјата досега.

## Проекти

Во извештајниот период, ИНОФЕИТ интензивно учествува во имплементацијата на два меѓународни проекти: 4ACEs - AI Apps Against Alzheimer in Central Europe (во рамки на Visegrad Fund) и VoiceKids: Inspiring Children's Vocal Inclusion (во рамки на Еразмус+ програмата KA220-SCH – Cooperation Partnerships in School Education).

Исто така, ИНОФЕИТ активно учествува како асоцијативен партнер во два IPA ADRION проекти: GoToTwin - Advancing Renewable Energy in the Adriatic Ionian Region through the Use of Digital Twins и INNOVABLUE - Innovation Network for Development of Solutions and Technologies for Sustainable Blue Economy in the Adrion Region. Во првиот проект носител е ФЕИТ, додека во вториот проект ФЕИТ има улога на партнер.

Дополнително, во извештајниот период ИНОФЕИТ беше дел од два конзорциума кои поднесоа апликации на вториот IPA ADRION повик, во рамки на *Priority Axis 1 – Supporting a Smarter Adriatic and Ionian Region*, *Specific Objective 1.1 – Strengthening Innovation Capacities*. Со оглед на големиот број поднесени

апликации (вкупно 286), резултатите од повикот се очекува да бидат објавени во средината на 2026 година.

Од 1 јануари 2025 година, ИНОФЕИТ, во партнерство со конзорциум составен од претставници на академската заедница, индустријата и здруженија (ФЕИТ, Интебако, Хас Инженеринг, Серафимовски Тек и МАКОСИГРЕ), започна со имплементација на проектот **„Воспоставување на Енергетска Жива Лабораторија во ИНОФЕИТ“**, добиен во рамките на јавниот повик на Министерството за економија и труд за развој и имплементација на иновативни и колаборативни проекти поврзани со специјализација, зелена и дигитална трансформација.

Проектот има за цел создавање „жива лабораторија“ која ќе служи како платформа за размена на знаење, истражување и развој, како и за градење долгорочни партнерства за зелена и енергетска транзиција на бизнис-секторот преку примена на напредни дигитални алатки.

Во рамките на проектот, ИНОФЕИТ ќе ја зајакне својата инфраструктура преку воспоставување на целосно опремен иновативен центар за истражување и развој во областа на енергетиката. Центарот ќе има фокус на обновливи извори на енергија, платформа за Интернет на нештата (IoT) и целосна автоматизација за управување со енергетските системи во различни индустрии.

Енергетската Жива лабораторија ќе нуди услуги за индустриски компании, јавни институции и академската заедница, со цел зголемување на енергетската ефикасност, развој на нови технологии и подобрување на конкурентноста. Со оваа иницијатива, ИНОФЕИТ придонесува за унапредување на националниот и регионалниот енергетски иновациски екосистем и градење одржлива и паметна енергетска иднина.

Во извештајниот период, ИНОФЕИТ ДИХ ги заврши активностите поврзани со повикот “Преку дигитална трансформација до иновација” на Фондот за иновации и технолошки развој и ИМЕ програмата на Швајцарската амбасада. Во рамките на овој повик, ИНОФЕИТ ДИХ ја следеше имплементацијата на 12 иновативни дигитални решенија на компании од областа на земјоделието и туризмот како и постигнатата дигитална зрелост на компаниите.

## Договорно истражување

Соработката со индустријата останува клучен столб во работата на Центарот, преку иницијативи, истражувања и пилот-проекти со директен импакт врз конкурентноста на македонските компании. Во извештајниот период продолжи партнерството со ФЕИТ за ЈПДП поврзано со одржување на патарини и консултативни услуги. Реализиран е договорот за договорно истражување со МАКСТИЛ, за развој на системи за оценка и оптимизација на производните процеси. Дополнително, склучен е нов договор со швајцарската компанија Freezz

Sarl за истражување и развој на хибридна терестријално-сателитска мрежа, со што ИНОФЕИТ ја проширува својата меѓународна мрежа на индустриски партнери.

## Регионална соработка

Во извештајниот период, ИНОФЕИТ реализираше интензивна регионална соработка со цел зајакнување на регионалната интеграција, забрзување на приклучувањето кон Единствениот дигитален пазар на ЕУ и подобрување на дигиталната поддршка за МСП и јавните институции. Двајца претставници од ИНОФЕИТ учествуваа на Регионалната средба на ЕДИХ мрежата организирана од GIZ во Подгорица, Црна Гора (април 2025), каде што се разменуваа оперативни практики и се дискутираа регионални предизвици и можности за соработка.

Во мај 2025, тим од ИНОФЕИТ го посети DIG-4K EDIH во Призрен, Косово, во рамки на фестивалот за дигитални вештини, организиран од Технолошкот парк ITP Призрен. Проф. Ташковски учествуваше во сесијата „Поттикнување на дигиталната трансформација: Улогата на ЕДИХ во поддршка на МСП на Западен Балкан“. Посетата овозможи увид во работата на DIG-4K и зајакнување на соработката во регионот.

На 11–12 јуни, претставник од ИНОФЕИТ учествуваше на 3. Регионална работилница за Дигитални Иновациски Хабови во Ниш, Србија, организирана од RCC, со цел придонес во креирање идни политики за поддршка на ЕДИХ мрежата на Западен Балкан.

Претставник од ИНОФЕИТ учествуваше на Регионалната конференција на мрежата на ЕДИХ – EDIH Network Summit 2025, одржана на 5 јуни во Жешов, Полска. Настанот опфати сесии за улогата на ЕДИХ во европската ВИ-иновациска екосистема и визијата за ЕДИХ 2.0. Учеството обезбеди корисни увиди за стратешката улога на ИНОФЕИТ ЕДИХ и можност за усогласување со долгорочната визија на мрежата.

По покана на Италијанската амбасада во Скопје, ИНОФЕИТ учествуваше на Италијанско-македонскиот бизнис форум, одржан на 2 јули 2025 година, каде ги презентираше своите активности и бесплатни услуги за дигитална трансформација на МСП и јавните институции и воспостави директни контакти со италијански компании за понатамошна соработка во областа на дигитализацијата и иновациите.

Како заклучок, може да се истакне дека ИНОФЕИТ преку воспоставувањето на Европскиот Дигитален Иновациски Хаб ја зацврсти својата позиција како водечки центар за дигитална трансформација во земјата. Истовремено, Центарот активно учествува во национални и меѓународни проекти, градејќи силни партнерства со индустријата, јавните институции и академската заедница. Со проширување на мрежата на соработки и унапредување на истражувачките и едукативните активности, ИНОФЕИТ се наметна како главен двигател во градењето на иновативна и конкурентна економија во Северна Македонија.

# 7. СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ СПОРЕД ISO

Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје од 2013 година успешно функционира според воспоставениот стандард ISO 9001 одржувајќи функционален Систем за управување со квалитет (СУК). Системот во моментот опфаќа 8 системски процедури и 22 оперативни процедури. Процедурите се поткрепени со преку 70 обрасци за квалитет и работни упатства.

Системот за управување со квалитет на ФЕИТ е континуирано активен процес кој се прилагодува на релевантните законски измени од областа на делување на Факултетот и Универзитетот. Дополнително, процедурите и обрасците низ годините се менуваат и унапредуваат според потребите на носителите на дејноста (службите, наставниот кадар и Деканатот) и корисниците на услугите (студентите и надворешни корисници на услуги).

Во текот на 2025 година се направи темелна измена на процедурата ПК 7.5/12 Учество на научен собир. Сега оваа процедура носи наслов ПК 7.5/12 Средства за научно и стручно усовршување. Дополнително, изменети се сите обрасци и работни упатства кои ги повикува оваа процедура: ОК 7.5/12-1 Барање средства за учество на научен собир и платено отсуство од работа, ОК 7.5/12-2 Извештај за промена на наставата поради отсуство, ОК 7.5/12-3 Барање средства за печатење труд во списание, ОК 7.5/12-4 Барање средства за набавка на литература, ОК 7.5/12-5 Барање средства за членство во меѓународни здруженија од интерес, ОК 7.5/12-6 Барање средства за патување надвор од земјата заради вмрежување, ОК 7.5/12-7 Финансиски извештај за патување странство, РУ 7.5/12-1 Упатство за пополнување на финансиски извештај.

Причините за промената произлегоа од новиот Правилник за научно и стручно усовршување на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје од 2025 година.

# 8. НАСТАВЕН КАДАР

Соочен со тешкотиите во формирањето на наставно-научен подмладок, Факултетот ја продолжи својата политика за ангажирање на демонстратори во области каде што е потребно да се развива иден академски кадар. Така, во учебната 2024/2025 година беа ангажирани 4 демонстратори за аудиториски и лабораториски вежби како и 2 демонстратори за лабораториски вежби. Со ангажирањето на овие млади кадри се овозможи непречено изведување на вежбите, како и припрема на кадри во одредени области битни за развојот на Факултетот.

Проблемот со недостаток на стручни соработници во сите лаборатории останува и понатаму. Со оглед на сè поголемата опременост и осовременост на лабораториите, овој проблем ќе мора соодветно да се адресира во блиска иднина.

Во изминатиот период еден наставник замина во пензија, а шест наставника дадоа изјава за продолжување на договорот за работа. Во оваа учебна година беше избран и еден стручњак од практиката, и беше вклучен еден визитинг наставник од акредитирана високообразовна установа во странство.

Во звање редовен професор доживотно, беа избрани 6 наставника, 2 во звање вонреден професор, и 1 соработник беше повторно избран во звање асистент.

# 9. СТРУЧНИ СЛУЖБИ НА ФАКУЛТЕТОТ

Во извештајниот период, покрај тековните работи што произлегуваат од правата и обврските утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот, актите на УКИМ, одлуките од ННС, Деканатската управа и одлуките на деканот, стручните служби особено внимание посветија на имплементација на новините што произлегуваат од измените на законите, со цел усогласување на тековното работење со важечките закони.

Посебно треба да се истакнат извонредните напори на вработените, кои и покрај недостатокот на кадар поради отсуства поради боледување, успеаја да ги извршат задачите навремено и професионално.

## 9.1 Правна и општа служба

Во текот на извештајниот период, како позначајни активности би ги издвоиле: работата на органите и телата на Факултетот, при што се подготвени материјали за 11 редовни седници на ННС и 3 вонредни седници, на кои се донесени 298 одлуки, како и 11 редовни и 12 вонредни седници на Деканатската управа, на кои се донесени 80 одлуки.

Во извештајниот период извршена е измена на Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот и измена на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот, донесен е нов Правилник за научно и стручно усовршување на вработените на Факултетот како и изработени се и ажурирани потребните акти за акредитација на студиските програми од трет циклус студии.

## 9.2 Студентска служба

Во текот на извештајниот период, Одделението за студентски прашања ја организираше својата работа со цел навремено и ефикасно да одговори на сите обврски што произлегуваат од доменот на надлежност на службата. Активностите опфатија: упис на нови студенти; упис и заверка на семестри за студентите од

повисоките години; средување на студентски досиеја и пријави; подготовка за промоција на дипломирани студенти; издавање на уверенија и потврди (за сместување во студентски домови, стипендии, студентски пракси во странство и сл.); поддршка за процесот на субвенционираниот студентски оброк; подготовка на уверенија на англиски јазик, наставни планови и програми; верификација на податоци за дипломирани студенти за потребите на домашни и странски компании. Покрај редовните обврски, Одделението максимално се ангажираше и околу навремено извршување на вонредни задачи добиени од: Деканатот на ФЕИТ, Ректоратот на УКИМ, Државниот завод за статистика, Ресорните министерства и други надлежни институции.

Одделението за студентски прашања постојано пристапува одговорно, професионално и ангажирано кон решавање на сите барања, потреби и предизвици со кои се соочуваат студентите.

## 9.3 Библиотека на ФЕИТ

Во текот на извештајниот период, Библиотеката на ФЕИТ ефективно ги извршуваше своите редовни работни задачи, и тоа: опслужување на корисниците со книги, стручна и референтна литература и други учебни помагала; упатување на корисниците за користење на бази на податоци и интернет-ресурси; евиденција на издадени книги – мануелно и компјутерски; обработка и каталогизација на нов библиотечен материјал; внесување на новодобиените единици во интерната компјутерска база на податоци. Во рамки на тековното работење, Библиотеката беше особено фокусирана на реорганизација и оптимизација на библиотечниот фонд, како и на создавање подобри физички услови за чување на библиотечниот материјал.

# 10. СПОРТ НА ФЕИТ

Спортот на ФЕИТ е веќе долгогодишна традиција во која се вклучени и вработените и студентите. Покрај индивидуалните и рекреативни спортски активности, ФЕИТ традиционално е присутен во организираните спортски трки од јавен карактер во земјата. Еден од најмасовните настани на кои учество земаат вработените и студентите на ФЕИТ е секако Скопски маратон, кој по 20ти пат се одржа на 4 октомври 2024. Две екипи на ФЕИТ (една машка и една женска), заедно со поединците проф. д-р Томислав Карталов (маратон) и вонр. проф. д-р Томислав Шуминоски (маратон), во најдобро светло го претставија Факултетот на Скопски маратон 2024. Нашите двајца маратонци како и секоја година успешно ги одбранија боите на ФЕИТ.

Женската штафетна екипа ја сочинуваа: Емилија Чона, Ања Крстевска, Маја Митревска, и Тања Бабунска. Машката штафетна екипа беше во состав: Георги Камчевски, Александар Ризев, Предраг Василевски и Теодор Тодоровски.

На полумаратонската дисциплина од 21,1 km учество земаа: Круме Крстески и Виктор Сапунџиовски. На најмасовната трка од 5 km ФЕИТ го претставуваа: Маре Србиновска, Весна Андова, Михаил Димовски и Катја Димовска.

ФЕИТ имаше свои претставници и на осмото издание на Водно-Матка и на повеќе планински трки (Прв до Врв, Момата).

Во категоријата велосипедизам, значаен успех постигна проф. д-р Маре Србиновска, која го освои третото место во својата категорија на трката од 22 km, организирана од Халк Вело во Маврово.



Слика 10.1: Скопски Маратон, 4 октомври 2024




Слика 10.2: Халк Вело, 8 септември 2025

Исто така, женската одбојкарска екипа на ФЕИТ го освои второто место во Универзитетската лига, во финалето против Медицинскиот факултет одржано на 20.05.2025 година. Одбојкарскиот тим на ФЕИТ уште еднаш се претстави на високо ниво, демонстрирајќи спортски дух, тимска игра и исклучителна посветеност. На овој начин, втора година по ред на факултетот пристигнува спортски пехар – симбол на континуираната успешност и вложениот труд на нашите студентки.



Слика 10.3: Женска одбојкарска екипа на ФЕИТ

# 11. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА

Во тек на изминатиот период, ФЕИТ ја продолжи соработката со фирмите и компаниите преку партнерските пакети кои транспарентно се објавени на нашата веб страна. Центарот за кариера (ЦК) реализира контакти и средби со неколку фирми и компании за потенцијалната соработка и споделуваше информации, повици, огласи за пракса и вработување со студентите преку нивните канали на информирање.

Воедно, нашиот ЦК соработува со Центарот за кариера при УКИМ со размена на идеи, предлози и потенцијални активности во интерес на кариерниот развој на студентите.

## 11.1 Алумни асоцијација на ФЕИТ

ФЕИТ АЛУМНИ, како дел од ЦК со својот иницијативен тим продолжи да одржува контакти со нашите завршени студенти.

Во изминатиов период тие се приклучија и учествуваа во организираните активности на ФЕИТ:

- САЕМ НА ОБРАЗОВАНИЕ (15 март во City Mall) – претставување на ФЕИТ со соодветните наставни програми и можности кои ги нуди студирањето на ФЕИТ,
- ДРУЖБА ВО ДВОРЧЕ (12 април во дворот на ФЕИТ) – отворен ден со претставување на студиските програми, разговор со професорите и студентите, видеопроекти и лаборатории во живо и запознавање со студентскиот живот на ФЕИТ,
- ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ ИНЖЕНЕРИ И МАГИСТРИ НА ФЕИТ (19 јуни во Македонска Филхармонија) – промовирање на новата генерација инженери и магистри.

За наредниот период се планира да се активираат тековните дружби како и учество во останатите активности организирани на ФЕИТ и информирање и вклучување на нашите алумни во нив.

## 11.2 Центар за нови студенти

Во текот на изминатата академска година, Центарот за нови студенти (ЦНС) ја продолжи својата клучна улога во поддршката на идните студенти и промоцијата на ФЕИТ. Активностите беа насочени кон информирање и мотивирање на матурантите да го препознаат ФЕИТ како свој избор за студирање, како и кон обезбедување навремена и точна поддршка при процесот на упис. И оваа година, Центарот имаше особено интензивен ангажман во текот на вториот семестар и летниот период, преку соработка со средни училишта, учество на промотивни настани, како и организирање информативни активности за идните студенти.

Активностите започнаа со учество на ТЕХНОМА'24, каде што ФЕИТ беше претставен пред поширока публика, по што следеа повеќе презентации и тури за

средношколците, вклучително и пред учесниците средношколци на СКЕЕОР, а потоа и посебните посети на средношколци од гимназијата „Орце Николов“.

Исклучително интересен настан каде беше претставен ФЕИТ преку неговиот колектив и проекти од студенти, беше минатогодишниот „Creative Expo 2024“, одржан во Лабораториум во периодот 25-26.11.2025.

Во март 2025 година, ЦНС активно се вклучи во подготовките за настапите на Саемот за образование, преку изработка на флаери, стикери и постери, како и преку организација на состаноци за делегирање должности во координација со продеканката за настава, продеканката за наука и меѓународна соработка и ФСС. Преку овој ангажман, беа подготвени и реализирани презентации и лабораториски тури за средношколците – вклучително и обраќање на натпреварот Интегратор, кој се одржа за симболично означување на денот на бројот „π“.

На 15 март 2025 година, ФЕИТ беше претставен на Саемот за образование организиран од Студентарија, каде што ЦНС одигра значајна улога во комуникацијата со заинтересираните идни студенти.

Во пролетниот период, ФСС повторно го организираше настанот „Кафе во дворче“ како непосредно дружење на тековните студенти, вработените на ФЕИТ и матурантите заинтересирани да студираат на ФЕИТ. ЦНС беше конкретно ангажиран и во конципирањето на „Escape Lab“ активноста за средношколци.

Исто така, беа реализирани презентации во средни училишта („Раде Јовчевски-Корчагин“, „Георги Димитров“, НОВА), како и претставување на можностите кои ги нуди ФЕИТ за студирање пред учесниците на Robomac Junior, како и посета на учениците од Кликер ИТ Центарот во лабораториите на ФЕИТ.

Во пресрет на уписите за студиската 2025/2026 година, ЦНС учествуваше во онлајн инфо-ден на кој матурантите добија детални информации за уписните процедури и потребната документација. На самиот почеток на првиот уписен рок (19.08.2025), членовите на ЦНС активно помагаа на идните студенти при доставувањето на документи и запишувањето.

## 11.3 Центар за доживотно учење

Во рамките на Центарот за доживотно учење (ЦДУ) при ФЕИТ веќе неколку години успешно се изведуваат обуки за разновидни области негувани на ФЕИТ. Воедно, ФЕИТ почнувајќи од 9 јуни 2020 година е лиценциран ЕЦДЛ тест центар со двајца лиценцирани испитувачи. Во склоп на тоа, во ЦДУ се организираат обуки и полагање по истите поврзани со програмите на ЕЦДЛ.

Во изминатиов период, ЦДУ реализираше и две обуки за работа со Линукс: „Основни познавања на Линукс“ и „Напредни познавања на Линукс“ со две групи слушатели (вработени во М-НАВ) во тек на месец октомври и декември 2024. Обуката со првата група се одржа во тек на месец октомври 2024 и истата ја

посетуваа и успешно ја завршија 8 кандидати. Двете обуки за втората група се одржуваа во тек на месец декември 2024. Истата ја посетуваат 8 кандидати.

Во месец декември 2024 се одржа и Обука за напреден Ексел за потребите на вработени во ЕВН. Обуката ја посетуваа и ја завршија три кандидати, а истата се одржуваше во ЕВН.

За следниот период во план е продолжување со обуките како и поактивно рекламирање во интерес на привлекување на повеќе кандидати за следење на обуките.

## 12. ЗАКЛУЧОК

Овој извештај претставува преглед на активностите на вработените и студентите на ФЕИТ во сите области на неговото функционирање. Факултетот останува посветен на одржување на висококвалитетни и меѓународно препознатливи студии, на континуирано унапредување на условите за студирање и работа, на зацврстување на својата водечка позиција во научно-истражувачката дејност во С. Македонија, како и на продлабочување на соработката со индустриските партнери.

Во претстојниот период, клучни приоритети ќе бидат обезбедување финансиски средства за реновирање на дел од студентските простории, проширување на мрежата на институционални и индустриски партнери, ангажирање лаборанти за институтските лаборатории, финализирање на акредитацијата на трет циклус студии, започнување на процесот на акредитација на прв циклус студии и активно учество во создавањето на мултифункционален научно-технолошки парк во рамките на кампусот на техничките факултети.